


## Што е дебатна анкета®?

Дебатната анкета (deliberative poll) е уникатна форма на политички консултации која ги комбинира техниките на испитување на јавното мислење и јавната расправа. Таа цели да претстави како би изгледало јавното мислење на одредена тема, доколку граѓаните би имале можност повеќе да се запознаат со темата. Дебатната анкета ги прикажува преференциите и мислењата на граѓаните и пред и по детално запознавање со темата.

## Примерок на испитаници

**Основна анкета**

Пред одржување на дебатниот настан, беше спроведена основна анкета на 1001 испитаници од целата држава во периодот од 27 мај до 14 јуни 2024 година. Етничка припадност на испитаниците: 67% Македонци, 24,6% Албанци и 8,4% друго.

**По дебатен настан**

По завршувањето на дводневниот дебатен настан, кој се одржа на 6 и 7 Јули 2024 година, 135 испитаници повторно го пополнуваа прашалникот, откако два дена се информираа и дискутираа на темите со релевантни чинители од македонското општество. Етничка припадност на испитаниците кои учествуваа на настанот: 82,2% Македонци 14,6% Албанци и 3,2% други.

## Дебатен настан

Дводневниот настан се одржа во Хотел Континентал во Скопје на 6 и 7 јули 2024 година. 135 испитаници поделени во 11 групи меѓусебно се информираа и подучуваа за надворешната

политика на Република Северна Македонија и нејзината усогласеност со Заедничката Надворешна Безбедносна Политика на ЕУ и тема односите помеѓу Северна Македонија и НАТО, фокусирајќи се на механизми за ефективна безбедносна, одбранбена и економска стабилност. Потоа, секоја од групите поставуваа прашања на панел од експерти и политичари од целиот спектар, со цел да изградат информирани и непристрасни ставови. Дискусиите од двата дена беа телевизиски покриени од ТВ 24 и Сител ТВ.

## Резултати

Во продолжение се дел од резултатите од промената на ставови на граѓаните околу државните позиции во меѓународните односи, по одржување на дебатниот настан.

1. Според Вас, кои мислите дека се главните придобивки од членството на Северна Македонија во ЕУ и НАТО?




🛈 *Како ефект на дебатата, видливи се статистички значајни резултати со зголемена вредност после дебатата во одговорот економски раст. Голем број од учесниците ја зголемиле својата поддршка за економскиот раст како главна придобивка од членството во ЕУ и НАТО од пред до по дебатата. Постои минимално покачување на процент во одговорот зголемени безбедносни и одбранбени способности после дебатата. Од друга страна, забележано е намалување во процентот на учесниците кои сметаат дека пристапот до европските пазари е главна придобивка од членството на Северна Македонија во ЕУ и НАТО, пред и по дебатата.*

European Policy Institute. Skopje
NATIONAL DEMOCRATIC DEBATE
NED NATIONAL ENDOWMENT FOR DEMOCRACY
SUPPORTING FREEDOM AROUND THE WORLD

2. **На скала од 0 до 10, каде 0 означува воопшто не влијае, 10 означува многу влијае и 5 означува средна вредност, дали надворешната политика на Северна Македонија влијае врз Вашиот секојдневен живот?**




*Дебатата значително ја променила перцепцијата на испитаниците, зголемувајќи ја свеста и перцепцијата за влијанието на надворешната политика врз нивниот секојдневен живот. Средните вредности покажуваат зголемување на перцепцијата за влијанието на надворешната политика врз секојдневниот живот, од 5,78 пред дебатата на 7,04 после дебатата. Согласно резултатите, дебатата имала значително и позитивно влијание врз перцепциите на испитаниците, зголемувајќи ја нивната свест за важноста и влијанието на надворешната политика на Северна Македонија врз нивниот секојдневен живот.*

3. Колку се согласувате со следните ставови поврзани со членството на земјата во НАТО?




European Policy Institute. Skopje
NATIONAL DEMOCRATIC DEBATE
NED NATIONAL ENDOWMENT FOR DEMOCRACY
SUPPORTING FREEDOM AROUND THE WORLD

4. Со Ваши зборови, кажете ми што претставува надворешната политика на една држава? (можни се повеќе одговори)




Точен одговор: Односи и соработка со други земји

🛈 *Значителен пораст е забележан во свеста на испитаниците за важноста на односите и соработката со други земји, како и за сите дејствија и чекори што една држава ги презема во релација со други држави и организации. Ова укажува дека дебатата имала позитивен ефект врз разбирањето на испитаниците за значењето на надворешната политика. Истовремено, има намалување во процентот на испитаници кои ги гледаат сите понудени аспекти заедно, што сугерира дека испитаниците почнале повеќе да разликуваат и вреднуваат специфични области. Покрај тоа, се појавија нови аспекти на размислување, додека мал процент останал неодлучен после дебатата.*

European Policy Institute. Skopje
NATIONAL DEMOCRATIC DEBATE
NED NATIONAL ENDOWMENT FOR DEMOCRACY
SUPPORTING FREEDOM AROUND THE WORLD

5. Во која година Северна Македонија стана официјално полноправна членка на НАТО?




Точен одговор: 2020 година

ⓘ *По одржувањето на дебатата значително се зголемил процентот на испитаници кои ја идентификуваат 2020 година како точен одговор на ова прашање, достигнувајќи 85,9% во споредба со 56,7% пред дебатата. Останатите години (2019, 2021 и 2018) бележат намалување во релевантноста меѓу испитаниците, што укажува дека дебатата ја истакнала значајноста на настаните и промените во 2020 година. Процентот на испитаници кои не знаат или одбиваат да одговорат се намалил, што сугерира подобра информираност и јасност по дебатата.*

European Policy Institute. Skopje
NATIONAL DEMOCRATIC DEBATE
NED NATIONAL ENDOWMENT FOR DEMOCRACY
SUPPORTING FREEDOM AROUND THE WORLD

6. Во која година започна скрининг процесот за пристапување во Европската Унија?




Точен одговор: 2022 година

*🛈 По одржувањето на дебатата, процентот на испитаници кои ја идентификуваат 2022 година како точен одговор се зголемил значително од 17,2% на 26,7%. Слично, зголемување има и за 2021 година, од 6,4% на 11,9%. Процентот за 2020 година останува речиси ист. Има мало намалување за 2019 година, од 36,9% на 33,3%. Значително е намалување на процентот на испитаници кои не знаат или одбиваат да одговорат, од 29,3% на 17,8%, што укажува на јасност и информираност по дебатата.*

7. Според Вас, дали и како се одразија санкциите што ги ние ги спроведовме како држава кон Русија кај нас дома?




Точен одговор: Ослабување на текстилната, фармацевтската и земјоделската индустрија

*🛈 По одржувањето на дебатата, значително е намален процентот на испитаници кои сметаат дека се зголемила цената на струјата (од 71,1% на 54,1%) и дека се прекинале дипломатските односи со Русија (од 43,7% на 34,8%). Процентот на оние кои веруваат дека има ослабување на текстилната и земјоделската индустрија исто така се намалил, од 31,1% на 16,3% и од 38,5% на 23,7%, соодветно. Процентот на испитаници кои сметаат дека има ослабување на фармацевтската индустрија останува речиси ист, со мало зголемување (од 18,5% на 19,3%). Исто така, има мал пораст на процентот на испитаници кои веруваат дека е зголемен економскиот раст на Северна Македонија (од 2,2% на 3,7%)*

.

8. Како се справува Северна Македонија со ефектите почувствувани врз домашната економија поради санкциите?




*🛈 Постои статистички значајна разлика помеѓу групите во мислењата за тоа како Северна Македонија се справува со ефектите врз домашната економија поради санкциите. Ова значи дека дебатата довела до значително подобрување на перцепциите на испитаниците за тоа како Северна Македонија се справува со ефектите врз домашната економија поради санкциите. Средната вредност на одговорите значајно се зголемила од 4,32 пред дебатата на 5,20 после дебатата, што укажува дека испитаниците ја перципираат ситуацијата како подобра по дебатата.*

European Policy Institute. Skopje | NATIONAL DEMOCRATIC DEBATE | NED NATIONAL ENDOWMENT FOR DEMOCRACY SUPPORTING FREEDOM AROUND THE WORLD